Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-772/8
22-12-2023 година

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), а во врска со Одлука бр. 08-772/1 од 01.11.2023 година за покренување на постапка по службена должност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), на 01.12.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на јазик врз група на лица – учениците [redacted] Основното општинско училиште „Његош" – Јурумлери, сторена од страна на истото училиште, односно [redacted] и од страна на општина Гази Баба, односно градоначалникот Бобан Стефковски во областа на образование, спорт и наука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по добиена информација согласно истакнатите наводи во претставката бр. 08-708/1 од 20.09.2023 година, на седница одржана на 27.10.2023 година, утврди дека постојат индиции за сторена дискриминација врз група на ученици во ООУ „Његош" – Јурумлери по основ на јазик во областа на образование, наука и спорт. Следствено, Комисијата врз основа на член 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација донесе Одлука бр. 08-772/1 за покренување на постапка за заштита од дискриминација по службена должност.

Имено, од добиените информации е увидено дека една група на ученици кои од прво до петто одделение во ООУ „Његош" – Јурумлери следеле настава на албански јазик е потенцијално подложена на нееднаков третман во однос на останатите ученици во училиштето за кои наставата се изведува на македонски јазик. Ова од причини што од шесто до деветто одделение учениците од првата група не можат да следат настава на албански јазик, туку истите се распоредени во паралелки во кои наставата се изведува на македонски јазик. Со тоа, тие ја немаат истата можност како и

учениците вклучени во настава на македонски јазик, да ја следат наставата од прво до деветто одделение во континуитет на албански јазик. Видно од достапните податоци, наставата до петто одделение се одвивала на албански јазик за 13 ученици од наведеното училиште, кои заклучно со учебната година 2022/23 завршиле петто одделение. Новата учебна година 2023/24 како шесто одделенци ја започнале со тоа што биле распределени во паралелки во кои наставата се реализирала на македонски јазик, односно на овие ученици им бил овозможен организиран превоз до други основни училишта на територијата на општина Гази Баба во кои училишта се одвивала настава на албански јазик за паралелки од шесто до деветто одделение. Родителите во име на овие 13 ученици поднеле Барање бр. 08-690 на 20.09.2023 година до ООУ „Његош" – Јурумлери да им се овозможи на учениците продолжување на наставата во истото училиште, односно овозможување на уставното и законското право како и за другите ученици во училиштето. Во барањето се наведени учениците [redacted]

Истите родители претходно пред завршување на учебната 2022/23 година, на 25.05.2023 година се обратиле и до Министерството за образование и наука со Барање бр. 12-5753/1 со кое барале да се формира паралелка на албански јазик за шесто одделение со цел горенаведените ученици во наредната учебна година да продолжат во истото училиште во паралелка каде наставата ќе се изведува исто така на албански јазик, како и до петто одделение. Министерството ги известило (Одговор бр. 12-5753/3 од 03.09.2023 г.) дека нивното барање со Допис бр. 12-5753/2 од 03.08.2023 година го доставило до општина Гази Баба на понатамошно постапување согласно надлежностите кои општината ги има по однос на нивното барање.

Од општина Гази Баба пак, горенаведеното Барање бр. 08-690 на 20.09.2023 година на родителите, откако училиштето го доставило до општината, е препратено со Известување бр. 08-7410/2 на 26.09.2023 година до Министерството за образование и наука за понатамошно постапување.

Откако, од страна на ООУ „Његош" – Јурумлери не е позитивно одговорено на барањето на родителите за формирање на паралелка на албански јазик во шесто одделение, 10 ученици кои биле распределени во паралелки на македонски наставен јазик, ја бојкотирале наставата повеќе од еден месец од започнувањето на учебната 2023/24 година, за што [redacted] го известила Министерството за образование и наука со Известување бр. 03-756 на 06.10.2023 година.

Врз основа на таквата состојба и покренатата постапка по службена должност, Комисијата со Барање бр. 08-772/2 од 02.11.2023 година се обрати до ОУ „Његош" – Јурумлери и општина Гази Баба, со цел истите да се изјаснат во врска со индициите во однос на можната дискриминација врз горенаведените ученици, како и со Барање бр. 08-772/3 од 02.11.2023 година се обрати до Министерството за

образование и наука, со цел обезбедување на дополнителни податоци и информации во врска со настанатата состојба.

ООУ „Његош“ – Јурумлери, односно [redacted] во Допис бр. 08-36 од 15.11.2023 година истакнува дека основното образование согласно Законот за основно образование е задолжително, а дополнително согласно статутот на ООУ „Његош“ - Јурумлери наставата на албански наставен јазик се изведува од прво до петто одделение. Понатаму, се истакнува дека доколку учениците сакаат да продолжат да ја следат наставата на албански наставен јазик и во шесто одделение, потребно е да побараат и од училиштето да подигнат Преведница, а во спротивно се распределуваат и од шесто одделение наставата продолжуваат да ја следат на македонски наставен јазик. Во таа смисла тоа значи дека секој ученик се испишува од училиштето по претходно поднесено барање од родител/старател и потврда -- Согласност за прием од училиштето во кое што сака ученикот да се запише. Следствено, од страна на училиштето се изготвува Преведница за ученикот и истата треба да биде заверена од училиштето од кое што добил Согласност за прием. За секој ученик кој земал Преведница за следење на наставата на албански јазик во подрачно ООУ„Кочо Рацин“ с. Огњанци е обезбеден посебен високо квалитетен платен превоз и истиот се реализира од селото Идризово (внатрешноста) до избраното училиште и назад, се додека не завршат деветто одделение. Во спротивно, ООУ „Његош“ – Јурумлери не може да го отпише еднострано ученикот од училиштето. Дополнително се наведува дека пред започнување на учебната 2023/24 година била спроведена анкета, на која анкета требало да се изјаснат родителите за тоа во кое училиште нивното дете ќе посетува настава. Согласно анкетните ливчиња, пет (5) од родителите се изјасниле дека нивното дете останува да учи во ООУ „Његош“ – Јурумлери и ќе следи настава на македонски наставен јазик во 6 одделение, двајца (2) родители се изјасниле дека нивните деца ќе следат настава на албански јазик во подрачното ООУ „Кочо Рацин“ во с. Огњанци и тројца (3) родители се изјасниле дека нивното дете ќе следи настава на албански наставен јазик во ООУ „Конгреси и Манастирит“ - општина Чаир.

Општина Гази Баба во нивниот Одговор со бр. 08-8399/2 од 16.11.2023 година истакнуваат дека наводите за тоа дека учениците од шесто до деветто одделение не можеле да следат настава на албански наставен јазик и истите се дискриминирани по тој основ, воопшто не се точни, односно дека дискриминација не постои и за истите ученици се постапувало согласно законите. Од општината укажуваат дека во рамки на училиштата кои се наоѓаат на територија на општина Гази Баба, веќе се посетува настава на мајчин албански јазик и тоа во три основни училишта, односно подрачно ООУ „Кирил и Методиј“ во вкупно 9 паралелки и 91 ученик, ООУ „25 Мај“ во вкупно 63 паралелки и 1695 ученици и ООУ „Његош“ вкупно 5 паралелки и 44 ученици. Се истакнува дека во предметното училиште ООУ „Његош“ Јурумлери, во кое се бараат дополнителни паралелки на албански наставен јазик, веќе се одржува настава од прво до петто одделение, а за наставата од шесто до деветто одделение на учениците им се овозможувало бесплатен високо квалитетен

превоз (кој се плаќал од општинската сметка) до најблиското населено место Огњанци. Посочуваат дека тоа било привремено решение се додека не се изгради нова училишна зграда во населеното место Идризово. Понатаму, потенцираат дека ваквиот начин на функционирање не се однесува само на децата од албанска национална припадност, туку на овој начин се функционира и во рамки на ООУ „Крсте П. Мисирков" каде наставата се изведува на македонски наставен јазик, а децата од населеното место Брњарци, посетуваат настава од прво до петто во Брњарци и шестото одделение го продолжуваат во населбата Ченто. Истиот начин на функционирање е и во рамки на ООУ „Наум Охридски", каде децата од подрачното училиште во населеното место Раштак, посетуваат настава на македонски наставен јазик, од прво до петто во Раштак, а шестото одделение го продолжуваат во населеното место Булачани. Дополнително, учениците кои од Брњарци во шесто одделение наставата ја продолжуваат во ООУ „Крсте П. Мисирков" во Ченто и учениците од Раштак кои во шесто одделение наставата ја продолжуваат во Булачани, користат редовна автобуска линија на Јавното сообраќајно претпријатие ЈСП Скопје, чиј возен ред не секогаш бил усогласен со почнување и завршување на наставата на овие ученици.
Се истакнува и дека истовремено, ООУ „Његош" се наоѓа во населеното место Јурумлери и прифаќа ученици од населените места Гоце Делчев, Идризово, Колонија, Дрма и Јурумлери, па повеќето ученици до училиштето патувале со редовна автобуска линија на ЈСП. Исто така, укажуваат и дека согласно статутот на ООУ „Његош" – Јурумлери, наставата на албански наставен јазик се изведува од прво до петто одделение. На крајот истакнуваат дека Општината веќе имала утврдено локација за изградба на нова училишна зграда со која би се надминале посочените проблеми, односно со тоа би имало доволно простор и можност за учениците кои сега одат во Огњанци, наставата да ја продолжат во Јурумлери. За таа цел, барање за изработка на урбанистички план било испратено до Владата, Министерството за образование и наука и Министерството за транспорт и врски, уште во август 2023 година, но моментот на изјаснувањето не било добиено ништо повратно од нивна страна. Оттука, се истакнува дека Општината била подготвена да ги преземе сите дополнителни потребни чекори за изградба на нова училишна зграда како би се надминал овој проблем.

Министерството за образование и наука во нивен Одговор бр. 12-11969/3 од 28.11.2023 година ја истакнува горенаведената кореспонденција помеѓу Министерството, Општината и родителите на засегнатите ученици, односно Барањето бр. 12-5753/1 на родителите до Министерството, како и Дописот бр. 12-5753/2 од 03.08.2023 година на Министерството до општина Гази Баба. Дополнително на тоа, Министерството истакнува дека истото на 31.10.2023 година со Допис бр. 12-5753/4 повторно се обратило до Општината и до ООУ „Његош" Јурумлери, со кој, меѓу другото, е побарано и во најкраток рок да доставаат доказ за реализираните часови за учениците на албански наставен јазик во шесто одделение за учебната 2023/24 година. Исто така, се истакнува дека Министерството со Допис бр. 12-12449/2 од 23.11.2023 година (доставено во прилог) до градоначалникот на општина Гази Баба

достави позитивно мислење за формирање паралелка во шесто одделение со 10 ученици на албански наставен јазик за учебната 2023/24 година во ООУ „Његош" Јурумлери, а дека Министерството за образование и наука врз основа на направена анализа за потребата од нов наставен кадар за учениците на албански наставен јазик ќе се обрати до Министерството за финансии со цел обезбедување на финансиски средства за таа намена. На крај се истакнува дека Барањето бр. 08-772/3 на Комисијата е исто така, доставено и до Државниот просветен инспекторат на нивно произнесување за тоа какви дејствија се преземени во однос на конкретното прашање со засегнатите ученици. Во прилог на одговорот на Министерството е доставено и Барање на мислење бр. 34-7845/2 од 16.11.2023 година на општина Гази Баба со кое Општината врз основа на барање од ООУ „Његош" Јурумлери за формирање на паралелка со 10 ученици се обраќа за мислење до Министерството. Таквото Барање бр. 03-779/1 од 16.10.2023 година на ООУ „Његош" Јурумлери доставено до општина Гази Баба за формирање на паралелка со 10 ученици е доставено врз основа на извршен инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат и донесено Решение бр. 09-799 од 03.10.2023 година, а со кое се наредува на ООУ „Његош" Јурумлери да преземе активности и мерки за формирање на паралелка на албански наставен јазик согласно член 4 и 10 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19 и 220/20).

Имајќи ја во предвид така утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди противправен нееднаков третман од страна на ООУ „Његош" Јурумлери, односно [redacted] и основачот на училиштето општина Гази Баба, односно градоначалникот на општината врз група на ученици [redacted] кои биле во паралелка на албански наставен јазик од прво до петто одделение во истото училиште.

Комисијата ја утврди фактичката состојба во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, за што во конкретниот случај наодите од добиените информации и податоците со кои располагаше Комисијата беа сметани за веројатни.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 став 2 од Законот за основното образование за учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

Оттука, ООУ „Његош“ Јурумлери, односно [redacted] и општината Гази Баба со несторување, односно не преземање на соодветни активности за формирање на паралелка на албански наставен јазик во шесто одделение, неоправдано постапиле понеповолно со горенаведените 13 ученици во однос на останатите ученици во училиштето, за кои од прво до деветто одделение наставата се изведува непречено на македонски наставен јазик, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, спротивно на забраната предвидена во членот 5 од истиот закон, дискриминирајќи ги тринаесетте ученици врз основ на јазик. Со тоа оваа група од 13 ученици не можеле да го остварат правото на следење на настава на јазикот и писмото на соодветната заедница на еднаква основа со другите ученици од ООУ „Његош“ Јурумлери.

Комплементарно на наведеното, Комисијата утврди дека наведените причини поради кои не се постапувало во насока на формирање на паралелка во шесто одделение каде воспитно – образовната работа би се изведувала на албански наставен јазик, не може да се сметаат за оправдани, од причина што по покренување на постапката за заштита од дискриминација и врз основа на решение на Државен просветен инспекторат се преземени дејствија од страна на директорката за започнување на постапка за формирање на таква паралелка, со тоа што побарала од основачот на училиштето, односно општина Гази Баба да се започне постапка за таа цел.

Видно од Решението бр. 09-799 од 03.10.2023 година и согласно Записникот бр. ИП1 09-799 од 22.09.2023 година од извршениот инспекциски надзор утврдени се неправилности во однос на формирање на паралелка на албански наставен јазик, односно не се утврдени пречки за формирање на паралелката, па оттука истакнатите оправдувања од страна на ООУ „Његош“ Јурумлери не може да се сметаат за легитимни.

Во таа смисла ООУ „Његош“ Јурумлери, односно [redacted] и општина Гази Баба, односно градоначалникот Бобан Стефковски не обезбедија релевантни докази со кои би го докажала спротивното, односно би го оправдала непостапувањето на училиштето и општината за да истото не претставува

дискриминација. Тие не доставија соодветни документи за планирани активности, податоци за тековна состојба на технички и кадровски капацитети на училиштето, ниту било каква претходна комуникација со Министерството за образование и наука со која информираат, предлагаат или бараат соодветен начин за надминување на предизвиците со формирање на паралелка на албански наставен јазик во шесто одделение.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Следствено, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

Се препорачува на ООУ „Његош“ Јурумлери и [redacted] како и на општина Гази Баба и градоначалникот Бобан Стефковски во рок од 30 дена од денот на добивање на ова мислење со препораката, да ја отстранат дискриминацијата на начин што ќе обезбедат еднаков третман на сите ученици во училиштето во насока на еднаква и непречена употреба на јазиците во изведувањето на воспитно – образовната работа и за тоа да ја известат Комисијата.

Се препорачува на ООУ „Његош“ Јурумлери и [redacted] како и на општина Гази Баба и градоначалникот Бобан Стефковски во иднина да се воздржат од дејствија на дискриминација кои би довеле до нееднаков третман на ученици во училиштето врз било која дискриминаторска основа.

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- *ООУ „Његош“ Јурумлери, ул. 2-а бр. 18, Јурумлери - Колонија*
- [redacted]
- *Архива на КСЗД*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk